**Известување за концентрација со која Арицома Груп а.с., Република Чешка ќе стекне целосна контрола над СИСКОМ СОФТВЕР спол с.р.о., Република Чешка и АЛОЕ спол с.р.о., Република Чешка**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 16.05.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на целосна контрола од страна на Арицома Груп а.с., со седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10, Република Чешка над друштвата СИСКОМ СОФТВЕР спол с.р.о., со седиште на Китлицка 818/21а, Просек, 190 00 Прага 9, Република Чешка и АЛОЕ спол с.р.о. (ALOE spol s.r.o.) со седиште на Китлицка 818/21а, Просек, 190 00 Прага 9, Република Чешка.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Арицома Груп а.с.** (Aricoma Group a.s.) е холдинг компанија која управува со удели во своите ќерки компании - особено Autocont AEC a.s. и AEC s.r.o. Autocont се фокусира на имплементација на проекти на големи претпријатија и големи клиенти, имплементација и поддршка на деловните информациски системи на Microsoft Dynamics и обезбедува ИТ инфраструктура, корпоративни апликации, поддршка за деловни процеси, грижа за корисници и ИТ безбедност. AEC a.s. обезбедува безбедносни технологии, безбедносна проценка, услуги за сајбер одбрана и советодавни услуги за GDPR/усогласеност. Арицома припаѓа на ККЦГ Групацијата. ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности, и информатички технологии и е активна во 33 држави во светот.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

• Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;

• Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;

• Сеавус ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање;

• Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место; и

• Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје - со приоритетна

дејност - компјутерско програмирање.

**СИСКОМ СОФТВЕР спол с.р.о.** се фокусира на снабдување со комплексни решенија во областа на информациските системи и други ИТ услуги. Основната дејност на компанијата е развој на софтвер за државна администрација по нарачка, развој и имплементација на прилагодени ИТ решенија според индивидуалните потреби на сите клиенти во јавната и комерцијалната сфера. СИСКОМ СОФТВЕР спол с.р.о. нема зависни друштва.

**АЛОЕ спол с.р.о.** е компанија која се фокусира првенствено на развој и испорака на софтверски системи за државните органи кои им овозможуваат да го документираат управувањето и интерконекција со други државни организации и буџетски системи.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазарот на услуги од информатичка технологија („ИТ") во Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

22.05.2023 година, Скопје